ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ве известуваме дека новоформираниот Фонд за Западен Балкан со седиште во Тирана, отвори втор повик за поддршка на проекти за навладин сектор и други институции во регионот на Западен Балкан. Крајниот датум за аплицирање **е на 13 декември 2018 година**. Целта е промоција на регионалната соработка и зајакнување на врските меѓу партнерите корисници на Фондот, преку споделување взаемни вредности меѓу граѓаните, граѓанското општество и невладиниот сектор, како и зајакнување на поврзаноста меѓу луѓето од регионот.

Максимален износ на грант е 12.000 евра.
Максимална временска рамка е 12 месеци.
Минимум потребен број патнери: 3 од 3 различни земји на Западен Балкан.

Ко-финансирање: 20% (апликанти, може in-kind) и 80% од Фондот.

Области во кои се спроведуваат проекти:
1. Културна соработка (зајакнување на културниот идентитет и интер-културен дијалог, итн.);
2. Образование и научна размена (промоција на регионални проекти/активности наменети за образовен развој, итн.) и
3. Одржлив развој (регионална кохезија и поддршка на институционално партнерство во одржлив економски развој, итн.).

Повеќе информации на следниот линк: http://westernbalkansfund.org/grants-projects/ .

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 336 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk